# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Број 5 Април 2019 година

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

**Илинден**
**Арх.бр.08-891/3**
**11.04.2019година**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/02) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на вредност на бод на платите на административните јавни службеници во ЈОУДГ ,, Гоце Делчев”-општина Илинден**

Се објавува, Одлука за утврдување на вредност на бод на платите на административните јавни службеници во ЈОУДГ,,Гоце Делчев”-општина Илинден бр.07-795/2 од 05.04.2019 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 21-ва (дваесет и прва) седница.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.08-891/1**
**Од 11.04.2019 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 88 став 3 од Законот за административни службеници (Сл.весник на Р.М. бр. 27/14,199/14, 48/15, 154/15, 5/16,142/16, 11/18 и 4/19), Советот на Општина Илинден на 21-та седница одржана на ден 05.04.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредност на бод на платите на административните јавни службеници во ЈОУДГ ,,Гоце Делчев “–општина Илинден**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на административните јавни службеници во ЈОУДГ ,,Гоце Делчев “–општина Илинден за 2019 година за периодот од 01.01.2019 година до 31.08.2019 година изнесува 77,2 денари, а за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019година изнесува 81,10 денари.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со нејзино објавување во Службен гласник на општина Илинден а ќе се применува со исплата на платата за месец март 2019 година.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Александар Георгиевски с.р.**

**Архивски број:07-795/2**
**Датум на донесување: 05.04.2019г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/02) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за измена и дополна на Одлуката за утврдување на стапките на даноците на имот во општина Илинден**

Се објавува, Одлука за измена и дополна на Одлуката за утврдување на стапките на даноците на имот во општина Илинден бр.07-795/3 од 05.04.2019 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 21-ва (дваесет и прва) седница.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр. 08-891/2**
**Од 11.04.2019 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/02), член 6 став 4 од Законот за даноците на имот (Сл.весник на Р.М. бр.61/04...23/16) и член 20 став 1 точка 5 од Статутот на општина Илинден (Сл.гласник на општина Илинден бр.15/10), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 05.04.2019 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за измена и дополна на Одлуката за утврдување на стапките на даноците на имот во општина Илинден

**Член 1**

Одлуката на советот на општина Илинден со број 07-1552/13 од 24.07.2018 година во член 2 став (1) се менува и гласи

"Висината на стапката на данокот на имот која се плаќа на недвижен имот на подрачјето на општина Илинден е пропорционална и изнесува 0,10 %."

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Илинден, а ќе се применува од 01.01.2020 година.

**Арх.бр.07-795/3**
**Од 05.04.2019 год.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Александар Георгиевски с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Решение за објавување на Одлука за утврдување на вредност на бод на платите на административните јавни службеници во ЈОУДГ ,,Гоце Делчев “– општина Илинден бр.08-891/1 од 11.04.2019 год.
2. Одлука за утврдување на вредност на бод на платите на административните јавни службеници во ЈОУДГ ,,Гоце Делчев “–општина Илинден бр.07-795/2 од 05.04.2019 година
3. Решение за објавување на Одлука за измена и дополна на Одлуката за утврдување на стапките на даноците на имот во општина Илинден бр.07-147/4 од 30.01.2019 година, бр.08-891/2 од 11.04.2019 год.
4. Одлука за измена и дополна на Одлуката за утврдување на стапките на даноците на имот во општина Илинден бр.07-795/3 од 05.04.2019 година